USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

# Препораки врз база на проценка на културните вредности на Скопски статистички регион

ПРОЕКТ НА УСАИД ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

**јуни** 2009



**мај 2009**

Оваа публикација е подготвена со великодушната поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во оваа публикација им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на УСАИД и владата на САД.

*Анкетата за проценка на вредностите на културата на граѓаните на Скопскиот регион е направена од ЕРА Коуч – Скопје, и треба да послужи како основа во создавањето на Планот за регионален развој на Скопскиот статистички регион. Направени се согледувања во анализите дадени од Richard Barrett Center – UK, и нивно толкување во насока на имплементација на веќе кажаното.*

*Препораките кои се дадени подоле се всушност обид да се одговори на прашањето кое на сите добро ни е познато а тоа е: Зошто ситуациите и работите не се придвижуваат во саканата насока и зошто посакуваното ниво за раст и развој не ни е достигнато? Во многуте искуства со планирањето на развојот, посебно економскиот, се наидуваше на скоро совршени изработени планови за развој а огромен јаз до имплементација. Напорите преку оваа анкета и препораките дадени се всушност напор да се премости јазот помеѓу планираните и реализирани цели. Препораките се во насока на воспоставување на пожелните вредности и задвижување на енергијата на раст и развој .*

*М-р. Розалија Карчицка Василевска*
*Лидер на тимот за Локален економски развој,*
*Програма на УСАИД за локална самоуправа*

## Личните особини или
## што е значајно за луѓето од Скопскиот регион

Генерално поединците и заедниците не функционираат од едно единствено ниво на свесност. Тие тежнеат да се групираат околу три или четири нивоа. Поединците обично се фокусираат на нивоата од 1 до 5, вообичаено со посебен акцент на нивото 5.

**Нивото 1 (опстанок)** значи фокусираност на физичкиот опстанок и сигурност. Тука спаѓаат вредности како што се финансиска стабилност, **здравје**[1], исхрана и само-дисциплина. Потенцијалните ограничувачки аспекти на ова ниво се генерираат од стравот да не се има доволно, и да не се биде во можост да се опстане. Ограничувачките вредности вклучуваат алчност, контрола и претпазливост.

**Нивото 2 (односи со луѓето)** се фокусира на квалитетот на интерперсоналните односи во животот на поединецот. Тука спаѓаат вредности како што се отворена комуникација, **семејство**, пријателство, **грижа**, разрешување на конфликти и **почитување**. Потенцијалните ограничувачки аспекти на ова ниво се генерираат од **стравови од неприпадност и не добивање признавање**. Ограничувачки вредости на ова ниво вклучуваат ривалство, нетолерантност и желбата да се допаѓате на другите.

**Нивото 3 (само-почит)** се фокусира на потребата на поединецот да има чувство на лична вредност. Тука спаѓаат вредности како што се да се биде најдобар, **амбиција**, фокусираност на кариера, и наградување.

[1] Задебелените поими се оние кои се добиени во анкетата на Скопскиот плански регион ( белешка на авторот)

Потенцијално ограничувачки аспекти на ова ниво се генерираат од стравот да се биде недоволен во очите на другите, и **недостиг на позитивен став за себе.** Потенцијално ограничувачките вредости вклучуваат статус, ароганција и личен имиџ.

*Забелешка: нема потенцијални ограничувачки вредности во нивоата од 4 до 7.*

**<u>Нивото 4 (трансформација)</u>** се фокусира на само-актуелизација и личен развој. Тука се содржани вредности како што се храброст, отчетност, **одговорност**, знаење и независност. На ова ниво поединците ги надминуваат анксиозноста и стравовите кои ги имаат од првите три нивоа на свесност. Тоа е исто така ниво каде поединците почнуваат да наоѓаат баланс во својот живот и одлуките ги носат врз основа на нивните вредности, а не врз основа на своите верувања.

**<u>Нивото 5 (Внатрешна кохезија)</u>** се фокусира на индивидуалното барање на значење. Поединците кои функционираат на ова ниво повеќе не размислуваат во однос на работата или кариерата, тука за поврзување на нивната работа со нивната лична мисија. Ова ниво содржи вредности како што се посветеност, **креативност**, **соработка**, ентузијазам, хумор/забава, **праведност**, извонредност, благородност и **чесност**.




*Луѓето од овој регион покажуваат дека ги имаат личните особините и потенцијалите за добро општество во кое владеат вредности на семејство, чесност, соработка, здравје, одговорност, амбиција, креативност, почит, грижа и праведност. Тие покажуваат преку оваа анкета дека се спремни за отворен дијалог и уредени односи со луѓето. Тие имаат силен потик да ја најдат смислата на својот живот и да ја остварат својата лична мисија.* ***Ова укажува дека во овој регион луѓето имаат потенцијал и лични вредности да остварат повисоки цели во општеството и дека се мудри во својот живот.***

## Вредности за моменталната култура или
## *каква е перцепцијата на граѓаните за нивната заедница и секојдневна средина*

Вредностите на моменталната култура ја одразуваат перцепцијата на учесниците за нивната заедница и секојдневната средина во која живеат и работат – позитивните аспекти на нивните искуства и областите на потенцијални проблеми.

Сите структури на човечки групи растат и се развиваат во седум добро дефинирани стадиуми. Секој стадиум се фокусира на одредена егзистенцијална потреба која е заедничка за човечката состојба. Тие седум егзистенцијални потреби се главните движечки сили за сите човечки работи. **Нивото на раст и развој на сите структури на човечки групи зависи од способноста на лидерите да создадат услови кои им овозможуваат на членовите на групата да ги задоволат овие седум егзистенцијални потреби**. **Доколку тие потреби не се задоволат, тогаш свесноста на луѓето во групната структура ќе остане фокусирана на тие потреби сè до нивното задоволување.**

**На ниво 1 (Опстанок)** трите главни области на фокусираност или загриженост во заедниците кои функционираат од ова ниво на свесност се безбедноста, економското здравје и просперитетот на масите; како и здравјето и исхраната на сите граѓани. Нефункционалноста на ова ниво води кон **невработеност**[2], **корупција** и **деградирање на животната средина** и голем **диспаритет во приходите помеѓу богатите и сиромашните**. Оттаму произлегуваат **криминалот и насилството,** бидејќи оние кои се најблиску до опстанокот тежнеат да ги задоволат своите потреби на секој можен начин.

**На ова ниво 2 (Односи со луѓето)** на свесност, има фокусираност на мирно разрешување на конфликтите помеѓу поединците и групите; создавање на чувство на припадост кое ги вклучува сите граѓани, и лојалност на граѓаните кон владата во заедницата. Нефункционалноста во оваа област води кон меѓуетнички/меѓурелигиски насилства, виктимизација или неправеден третман на малцинствата или под-групите врз основа на полот, сексуалната ориентација, расата, итн. **Непотизамот** создава неправичен систем, во кој луѓето не се вработуваат врз основа на компетентноста, туку врз основа на нивните врски со работодавачот додека пак **обвинувањето** создава култура која се базира на страв, и кога луѓето избегнуваат да преземат одговорност за нивните дела и ги проектираат своите грешки на останатите.

**Ниво 3 (Само-почит)** или областите на фокусираност во заедниците кои функционираат од ова ниво на свесност се: воведување и спроведување на закон и ред; создавање на институции за управување врз основа на ефикасни системи и процеси и обезбедување на јавна инфраструктура и услуги со кои се зголемува продуктивноста на заедницата и добросостојбата и просперитетот на луѓето. Нефункционалноста во оваа област води кон проблеми во пристапот до услугите и голема појава на криминални активности и недостиг на јавна заштита од нескрупилозните бизниси.

Забелешка: Нема потенцијални ограничувачки вредности во нивоата 4 до 7.

[2] Задебелените поими се добиени во анкетата на културните вредности на граѓаните на Скопскиот регион

***Моменталната култура** која граѓаните ја покажуваат е хронична исфрустрираност за своите основни потреби како што е сигурноста (финансиска, домување и сл) . Уште повеќе имаат перцепција за неправични и незаконски појави во бизнис секторот како и **нејасност за насоките на заедницата.** Негативната перцепција на сите моментални врвни вредности резултира со песимизам, разочараност и фокусирање на јавното мислење на негативни вредности **кои ја држат енергијата за раст и развој на STATUS Q.***




*Културната ентропија ( 48%) е многу висока и претставува мерка за степенот на нефункционалност на системот, и го претставува соодносот на гласови за потенцијални ограничувачки вредности. Потенцијално ограничувачки вредности се наоѓаат само на нивоата 1, 2 и 3. Ниво на ентропија од 10 проценти или помалку укажува на здрава заедница.* ***Ова ниво на ентропија од 48% покажува на критична и алармантна ситуација кое укажувана потенцијален финансиски колапс и социјални немири. Вредности кои укажуваат на тоа се:***

| | |
|---|---|
| ▪ Невработеноста | **Невработеноста** води кон сиромаштија, и може да ја рашири надолната економска спирала |
| ▪ Несигурна иднина | **Несигурноста за иднината** може да го попречи развојот и инвЕстициите, и да доведе до прекумерна претпазливост при носење на долгорочни одлуки. |
| ▪ Сиромаштија | **Сиромаштијата** ја поткопува економската и социјалната издржливост на нацијата. Економскиот развој се поткопува со тоа што се отежнува основањето и развојот на домашните пазари. Општествениот развој се поткопува преку намалување на пристапот на владата до средства од оданочување. |
| ▪ Корупција | **Корупцијата** е показател дека има поголема фокусираност на личниот интерес отколку на општото добро. Корупцијата генерира економска неефикасност, и се отежнува напредокот на бизнисите. |
| ▪ Бирократија | **Бирократијата** ја отежнува успешноста на бизнисите, и исто така го отежнува пристапот на граѓаните до јавните услуги |

| | |
|---|---|
| | кои им се потребни. |
| ▪ Загадување на животната средина | **Загадувањето на животната средина** го нарушува здравјето во заедницата и способноста на земјата да го одржи животот. |
| ▪ Криминал/ насилство | **Криминалот/насилството** укажуваат дека луѓето се плашат за својата основна сигурност и безбедност. |
| ▪ Непотизам | **Непотизмот** создава неправичен систем, во кој луѓето не се вработуваат врз основа на компетентноста, туку врз основа на нивните врски со работодавачот. Тоа создава огорченост и моќта ја става во рацете на помалку компетентните. |
| ▪ Обвинување | **Обвинувањето** укажува на култура која се базира на страв, и кога луѓето избегнуваат да преземат одговорност за нивните дела и ги проектираат своите грешки на останатите. |

*Моменталната ситуација на општествената култура бара разрешување на овие состојби и доведување до вредности кои се наведени во пожелната култура. Анкетата покажува на мала позитивна фокусираност во заедницата. Луѓето се малку мотивирани ( односно не се мотивирани) и ангажирани за да работат за општото добро.*

## Вредности за пожелната култура или *што мислат граѓаните дека е важно за добросостојбата на заедницата (патоказ за иднина)*

**Пожелната култура** односно вредности кои тие сакаат да ги видат се токму позитивните вредности на онаа што го кажуваат во моменталната култура.

| **Моментални вредности**<br>**Негативни (број на гласови во анкетата)** | **Пожелни вредности**<br>**позитивни** |
|---|---|
| невработеност (107) | Можности за вработувања(93) |
| несигурност за иднината (83) | Финансиска сигурност/ грижа за идните генерации (69/ 86) |
| сиромаштија (79) | Намалување на сиромаштијата/ квалитет на живеење (63/72) |
| корупција (76) | |
| загадување на животната средина (59) | Свесност за животната средина/ еколошка свесност (53/53) |
| криминал/насилство (50) | |
| краткорочна фокусираност (30) | Долгорочна визија |
| материјализам (16) | |

Единственаа вредност која се совпаѓа со личните вредности и посакуваната култура е СОРАБОТКА. **Ова би требало да биде водечки принцип за заедницата**. Луѓето сакаат заедницата да промовира вредности кои ќе бидат за општо добро, остварени низ соработка. Притоа мора да се решаваат првостепено проблемите од првото ниво – егзистенцијаното за **стабилизирање на основните потреби за домување и работа**. Ефективно раководство кое ќе ја заштитува земјата и ќе води грижа за идните генерации како и во таа насока создавање на средина која има значење и која исполнува , и каде луѓето можат да напредуваат.

Препораките кои се дадени подолу се всушност обид да се одговори на прашањето кое на сите добро ни е познато а тоа е: Зошто ситуациите и работите не се придвижуваат во саканата насока и зошто посакуваното ниво за раст и развој не ни е досигнато? Во многуте искуства со планирањето на развојот , посебно економскиот, се наидуваше на скоро совршени изработени планови за развој а огромен јаз до имплементација. Напорите преку оваа анкета и препораките дадени се всушност напор да се премости јазот помеѓу планираните и реализирани цели. Препораките се во насока на воспоставување на пожелните вредности и задвижување на енергијата на раст и развој . За таа цел потребни се :

Водечки принципи:

1. Отвореност , дијалог и **соработка** меѓу лидерите на заедницата и граѓаните преку траспарентност и позитивна насоченост
   a. За овие процеси да дојдат до задоволително ниво потребно е во почетното инсталирање да се мониторира прогресот преку следењето на однапред дефинирани индикатори. Оваа под-мерка ќе не заштити од реверзибилни процеси на примарниот процес на отвореност и соработка.
2. Креирање на заедничка и јасна **визија** за иднината на земјата/ регионот и мисија за како со која стратегија ќе се стигне до таму.
   a. Ова мерка е нешто што по својот приоритет е првата конкретна работа за која ќе можат раководството на земјата и граѓаните да седнат и да се договорат. Првите позитивни сигнали на заедништво се појавуваат со заеднички дефинираната визија. Покрај визијата и мисијата потребно е објавување на клучните вредности кои ќе го водат процесот и ќе ги подржуваат мисијата и визијата.
3. **Посветеност на лидерството** и недвосмислена заложба за реализирање на визијата во **соработка со граѓаните.**
   a. Следењето на однапред инсталирани индикатори ќе покаже како напредува овој процес. Во принцип можно е да постои и во моментот посветеност и заложба меѓутоа со непостоење на однапред дефиниран индикатор и регуларно мерење неможе да се документира прогресот
4. Промовирање и создавање на клима на **позитивни вредности на личен и заеднички план** преку медиумите
   a. Со создавање на чиста, искрена не-непотистичка култура на само-вреднување, само-ценење преку спортско,едукативни и бизнис натпрварувања, кајшто најдобриот ќе биде наградуван и јавно признаен на пример: Најдобра општина, најтранспарентен медиум, најдобар претприемач итн. Во оваа тема посебно терба да се обрати внимание на воведување на мерки кои ќе го потикнуваат натпреварувачкиот дух и желбата да се излезе во јавност и да се покаже да се докаже најдоброто во себе – **корелација со себе-вреднување**

Економски мерки:

5. Економски мерки (локално и регионално) за востановување на сигурност и заштита на најелементарно ниво, како што е **фамилијата**. Тука како форма се најприкладни мали семејни бизниси. Подршката со политики, стимулации и финансови методи може да вроди со плод за кратко време.
   a. Малите и средни предпријатија-МСП се стожери на најјаките светски и европски економии. Енергијата за развој на претприемништвото треба да биде ставено на ниво еквивалентно со енергијата за привлекување на странски инвестиции, ако не и на повисоко ниво. Гледајќи според посакуваните вредности ПРЕТПРИЕМНИШТВО е многу силно препорачана мерка
6. Промовирање на претприемништвото во бизнисите

a. Промовирање на обуки, саеми и трговски мисии се со цел да се допринесе во подобрување на знаењата и вештините на претприемачите, стекнување на нови партнерства, зголемување на капацитетите и конкурентноста на МСП

**7.** Македонските производи и услуги (туризмот) треба да се заштитат и брендираат и да се промовираат најпрво на домашниот пазар а потоа и на блиските регионални пазари, заради в**редноста на позитивен став кон себе и сопственото**

8. Промовирање на бизнис инкубаторите како можна форма па дури и понапредни форми како технолошки паркови

9. Финансиска едукација и описменување на граѓаните

    a. Поради тоа што шест од посакуваните вредности се поврзани со финансии и нивните додадени вредности. Ова ќе им овозможи на граѓаните да размислуваат во насока на ИНВЕСТИРАЊЕ наместо на штедење и задолжување кај банките за неекономски проекти. Секој просечен вработен моментно должи 5 до 6 просечни месечни плати, но добар процент од тие задолжувања не се од економски или инвестициски проекти.

Еколошки мерки:

**10.** Мерки за заштита на почвата, водата и воздухот се исто така битни за воспоставување на **сигурност во иднинатата за идните генерации**

11. Мерки за прочистување на почвата со засадување на конкретни култури како репа и сл

12. Мерки за заштита на воздухот и водата преку строга имплементација на еколошките дозволи;

13. Инвестирање во алтернативните извори на енергија како сончеви колектори и ветерници - генератори на ел.енергија

14. Инвестирање во заштедата на електрична енергија т.е. мерките за енергетска ефикасност

Инстутуционални мерки:

15. Обезбедување на правичност во законодавниот и извршен систем на власт, транспарентност и отчетност;

16. Обезбедување на ефикасност на владиниот ( локален и централен) систем во пружањето на јавните услуги на граѓаните;

17. Зајакнување на инспекцискиот надзор за сите општествени категории

18. КОНТИНУИРАНО МЕРЕЊЕ и мониторитање на вредностите на клучните институции во системот на истиот принцип на кој што мерењето би било поставено на ниво на регион.